# Службен весник на Република Македонија

**Број 41** **6 март 2018, вторник** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 772. | **Одлука** за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија.................................................... | 3 |
| 773. | **Одлука** за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија......................... | 3 |
| 774. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.................................................... | 3 |
| 775. | **Одлука** за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија................ | 3 |
| 776. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ)......... | 4 |
| 777. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ).................. | 4 |
| 778. | **Одлука** за разрешување и избор на претседател на Советот за научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република“..................... | 4 |
| 779. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин“.................................................. | 5 |
| 780. | **Декларација** по повод 75 години од депортацијата на Евреите од Македонија во Логорот на смртта Треблинка......................................... | 5 |

Стр.


781. **Одлука** за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот „Свети Трипун“ с. Говрлево, Општина Сопиште на Цементарница „Усје“ АД Скопје..... **6**

782. **Одлука** за продажба на недвижна ствар во с. Росоман.......................... **7**

783. **Одлука** за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца - детска градинка „Мисс Поппинс Реџио Емилија“ во Скопје..... **7**

784. **Одлука** за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида)......................................... **8**

785. **Одлука** за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Дебарца........................................ **8**

786. **Решение** за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида)................................... **9**

787. **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор на ЈП за Стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија.............................. **9**

788. **Решение** за именување специјален претставник на Владата на Република Македонија за прашања од областа на НАТО интеграциите во Брисел............................................... **9**

789. **Решение** за именување член на Надзорниот одбор на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје............................................... **9**

790. **Решение** за именување заменик на главниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош...................... **10**

791. **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности................................................ **10**

792. **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод................................................. **10**

793. **Решение** за именување член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди................................. **10**

794. **Решение** за именување директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка........... **11**

795. **Решение** за именување заменик на директорот на КПУ Затвор Скопје... **11**

796. **Решение** за именување директор на Државниот завод за индустриска сопственост...................................... **11**

797. **Решение** за именување заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................................... **11**

798. **Решение** за именување директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати................................................. **12**

799. **Решение** за именување директор на Агенцијата за стоковни резерви....... **12**

800. **Решение** за избор на директор на Центарот за управување со кризи.... **12**

801. **Решение** за именување заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.............................. **12**

802. **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот инспекторат за животна средина...... **12**

803. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за животна средина.............................................. **13**

804. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.................................. **13**

805. **Решение** за именување директор на Бирото за регионален развој............ **13**

806. **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Бирото за регионален развој.............................. **13**

807. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за транспорт................................................. **14**

808. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција.................................. **14**

809. **Решение** за именување директор на Бирото за метрологија...................... **14**

810. **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Бирото за метрологија....................................... **14**

811. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за геодетски работи за посебни намени.... **14**

812. **Правилник** за дополнување на Правилникот за премер на недвижности................................................. **15**

**Огласен дел** .................................... **1-64**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**772.**

Врз основа на членот 68, став 1, алинеја 14 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. За судија на Уставниот суд на Република Македонија е избран:

- Насер Ајдари, дипломиран правник од Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1743/1
5 март 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**773.**

Врз основа на членот 6, алинеја 5 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. За членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија се избраат:

- Ангеле Илиевски, адвокат од Скопје и
- Ангел Солев, адвокат од Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1744/1
5 март 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**774.**

Врз основа на членот 76, став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став (5) и 119 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/2008, 119/10 и 23/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/17, 73/17, 84/17, 89/17, 122/17, 160/17 и 20/18), во точката I. во потточка 2. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, под б) за заменик претседател, зборовите: „Хари Локвенец“ се заменуваат со зборовите: „Чедомир Саздовски“.

Во потточката 5. Комисија за одбрана и безбедност, под а) за претседател зборовите: „Фросина Ташевска - Ременски“ се заменуваат со зборовите: „Хари Локвенец“.

Под в) за членови во точката 4 зборовите: „Татијана Лалчевска“ се заменуваат со зборовите: „Фросина Ташевска - Ременски“.

Во потточката 9. Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, под в) за членовите во точката 4 зборовите: „Хари Локвенец“ се заменуваат со зборовите: „Татијана Лалчевска“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1745/1
5 март 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**775.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 26 ставови 2 и 3 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2009), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА БУЏЕТСКИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е Фросина Ташевска - Ременски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

II. Заменик - претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е Лилјана Кузмановска, претседател на Комисијата за финансирање и буџет.

III. Членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, се пратениците:

1) Јован Митревски,
2) Соња Мираковска,
3) Костадин Костадинов,
4) Ејуп Аљими,
5) Агим Шаќири
6) Неџбедин Каремани,
7)
8)
9)

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1746/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**776.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 4 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА (ПС ОБСЕ)**

1. Во Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ), („Службен весник на Република Македонија“ број 89/17), под б) за членови на Делегацијата: во потточка 2) зборовите: „Ејуп Аљими“ се заменуваат со зборовите: „Реџаиљ Исмаили“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1747/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**777.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 5 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНАТА УНИЈА (ИПУ)**

1. Во Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ), („Службен весник на Република Македонија“ број 89/17 и 160/17), во точката 2. Членови на Делегацијата, во потточка 6) зборовите: „Реџаиљ Исмаили“ се заменуваат со зборовите: „Ејуп Аљими“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1748/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**778.**

Врз основа на членот 3 од Законот за научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република“ („Службен весник на Република Македонија“ број 29/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА НАУЧНО-КУЛТУРНИТЕ СРЕДБИ „ДЕСЕТ ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА“**

1. Се разрешува досегашниот претседател на Советот за научно-културните средби „ Десет дена Крушевска Република“ и тоа

- Ѓорѓи Дамчевски, поранешен градоначалник на општина Крушево.

2. За претседател на Советот за научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република“ се избира

- м-р Томе Христоски, градоначалник на општина Крушево.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1749/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**779.**

Врз основа на членот 12 ставови 2, 3 и 7 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН“**

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин“:

а) претседателот:

м-р Јордан Плевнеш, писател и дипломат и

б) членовите:

1. Нове Цветаноски, публицист,
2. Иван Кузмановски, новинар во Сител,
3. Елизабета Мемиќ, новинар во МТВ,
4. Тони Цифровски, новинар во Македонско радио,
5. Душко Арсовски, новинар во МТВ,
6. Елизабета Арсоска, новинар во Вечер,
7. Дејан Трајкоски, новинар во Вечер,
8. Лилјана Грџо Дамовска, новинар во Дневник,
9. Слаѓана Димишкова, новинар во Нова Македонија,
10. Мухамет Зеќири, новинар во Алсат М,
11. Решат Камбери, новинар во МРТВ - Радио Скопје и
12. Аднан Ајдари, новинар во МРТВ втор програмски сервис.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев -Јасмин“ се именуваат:

а) за претседател:

Катерина Блажевска, Дојче Веле на македонски јазик и

б) за членови:

1. Билјана Бејкова од НВО Инфо - Центар,
2. Гордана Дувњак од Макфакс,
3. Арлинда Калиси од Радио Скопје,
4. Мери Јордановска новинар во Призма,
5. Столе Наумов од Канал 77,
6. Миомир Серафиновиќ од Телма телевизија,
7. Блерим Мустафи од ТВ Глоби - Гостивар,
8. Рамуш Муарем од Рома тајмс,
9. Рами Мислими од Тетова Сот,
10. Башким Сулејмани од Ал - Сат телевизија,
11. Сашка Цветковска од Нова ТВ и
12. доц. д-р. Жанета Трајкоска, од Институт за комуникациски студии.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1750/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**780.**

Согласно со членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 184, став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2018 година, ја донесе следнава

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А**
**ПО ПОВОД 75 ГОДИНИ ОД ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ЛОГОРОТ НА СМРТТА ТРЕБЛИНКА**

Поаѓајќи од мултикултурниот и мултиконфесионалниот карактер на македонското општество и имајќи го предвид придонесот на припадниците на Еврејската заедница во севкупниот развој на Република Македонија, како и фактот што таа претставува важен дел од историјата и традицијата, а преку младата генерација таа е дел од сегашноста и иднината на нашата држава;

Споменувајќи се дека на 11 март 2018 се навршија 75 години од депортацијата на 7.144 Евреи од територијата на денешна Република Македонија или 98% од еврејската популација во тој период од страна на нацистите и нивните сојузници во логорот на смртта Треблинка и од каде што ниту еден од нив не се врати жив;

Оддавајќи им должна почит на нашите сограѓани – Евреи, но и на сите останати Евреи и други жртви на Холокаустот и трајно определени да го негуваме споменот кон нив;

Осудувајќи го Холокаустот, негирањето и искривоколчувањето на Холокаустот, како и сите форми на геноцид и кршење на човековите права како што се антисемитизмот кој и денес претставува сериозен проблем во Европа и пошироко, дискриминацијата, говорот на омраза, ксенофобијата, исклученоста, расизмот и друго;

Почитувајќи ги меѓународните обврски кои Република Македонија ги преземала од Стокхолмската декларација од 2000 година и нејзиниот ангажман во рамките на Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот, како и од соодветните резолуции на Обединетите нации и Европскиот парламент, а кои се однесуваат на зачувување и негување на споменот на жртвите на Холокаустот;

Собранието на Република Македонија:

1. Ја посветува оваа Декларација на комеморативна седница на Евреите од Македонија – жртви на Холокаустот и ја усвојува оваа Декларација по повод 75 годишнината од депортациите на Евреите од Македонија во логорот на смртта Треблинка.

2. Ја истакнува трајната определба на нашата држава да не бидат никогаш заборавени 7.144 Евреи од Македонија, како и сите останати Евреи и други жртви на Холокаустот.

3. Високо ги цени и ги поддржува сите активности на Владата на Република Македонија, Еврејската заедница во Република Македонија и другите институции и невладини организации насочени кон зачувување и негување на споменот на жртвите на Холокаустот, кон збогатување на образовните содржини и проширување на истражувачките активности во врска со Холокаустот.

4. Посебно ја нагласува исклучителната улога и работа на Меморијалниот центар на Холокаустот на Евреите од Македонија на планот на сеќавањето, образованието и истражувањето на Холокаустот и ги повикува граѓаните и пред сè, учениците од Република Македонија и пошироко да го посетуваат.

5. Апелира во сите активности и проекти кои се однесуваат на теми поврзани со Холокаустот фокусот да биде ставен на младите генерации и нивно што поголемо вклучување во истите, а со цел Холокаустот или кој било друг геноцид никогаш да не се повторат.

6. Ги повикува институциите на Владата на Република Македонија, академските и научно – образовни институции, медиумите, невладините организации и јавни личности во Република Македонија активно да делуваат во борбата против негирањето и искривоколчувањето на Холокаустот, антисемитизмот, дискриминацијата, ксенофобијата, исклученоста, говорот на омраза и сите други појава на кршење на човековите права и да соработуваат со релевантните домашни и меѓународни организации и тела.

7. Оваа декларација ќе се достави до Кнесетот на Државата Израел, ОН, Советот на Европа, ОБСЕ, Европскиот парламент, Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот, Светскиот еврејски конгрес и други релевантни меѓународни организации.

8. Оваа декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Број 08-1742/1 | Претседател на Собранието |
| 5 март 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**781.**

Врз основа на член 29-а став (9) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.2.2018 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕРИЗИРАН ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СВЕТИ ТРИПУН“ С.ГОВРЛЕВО, ОПШТИНА СОПИШТЕ НА ЦЕМЕНТАРНИЦА „УСЈЕ“ АД СКОПЈЕ

1. На Цементарница „Усје“ АД Скопје му се проширува концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот „Свети Трипун“ с.Говрлево, Општина Сопиште, со површина на простор за проширување на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7 531 550 | 4 642 330 |
| Т-2 | 7 531 180 | 4 641 882 |
| Т-3 | 7 531 585 | 4 641 810 |
| Т-4 | 7 531 680 | 4 642 230 |

2. Површината на просторот на проширувањето на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува Р= 0,136090 км2.

3. Времетраењето за проширувањето на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука е до 13.9.2030 година.

4. Висината на надоместокот за проширувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука се определува со анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина-мермеризиран варовник од лежиштето „Свети Трипун“ с.Говрлево, Скопје бр.24-9382/1 од 13.11.2007 година (во понатамошниот текст: анекс на Договорот) во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за проширувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со анекс на Договорот.

6. Како почеток на важење на проширувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишувањето на анекс на Договорот.

7. Во име на Владата на Република Македонија, анексот на Договорот ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-151/1
27 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**782.**

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.2.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНА СТВАР**
**ВО С.РОСОМАН**

Член 1

Да се изврши продажба на недвижна ствар, сопственост на Република Македонија – корисник Министерство за финансии, која се наоѓа на КП.бр.1937/5 на ул.Лаките, запишана во Имотен лист бр.2998 за КО Росоман и тоа зграда 6, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 2989 м².

Член 2

Продажбата на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења број СВ V 109/2016 од 21.8.2017 година, во која е проценета вкупната вредност на недвижната ствар во износ од 36.743.544,00 денари.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 36.743.544,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница:

www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-867/1
27 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**783.**

Врз основа на член 107 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.2.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „МИСС ПОППИНС РЕЏИО ЕМИЛИЈА” ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Мисс Поппинс Реџио Емилија“ во Скопје со седиште на ул. „Загребска“ бр.33, Скопје - Центар.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука, се дава врз основа на поднесеното барање од основачот Друштво за промет и услуги „Мисс Поппинс Реџио Емилија“ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, со ЕДБС 4080017563228, со седиште на ул. „Загребска” бр.33, Скопје-Центар.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како

дејност ќе се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од девет месеци до шест години живот, односно до вклучување во основното образование, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе се обезбедат согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 5

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 6

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе биде сместена во објект на ул. „Загребска" бр.33, Скопје, со површина од 300 м2 и отворен дел кој ќе се користи како површина за игра на деца на отворено, со површина од 100 м2.

Член 7

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е 36 деца, организирани во три згрижувачко - воспитни групи, согласно Законот за заштита на децата.

Член 8

Програмата за вршење на дејноста е според Програмата за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија" бр.46/14).

Член 9

Јазикот на кој ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, е македонски јазик и неговото кирилско писмо, согласно Законот за заштита на децата.

Член 10

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за труд и социјална политика и уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 11

Средствата за основање и работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1580/1
27 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**784.**

Врз основа на член 7 алинеја 11 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.2.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО НАПЛЕС (ФЛОРИДА)

Член 1

Република Македонија го затвора Почесениот конзулат во САД, со седиште во Наплес (Флорида).

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-2518/1
27 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**785.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.2.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА

Член 1

Со оваа одлука на општина Дебарца се пренесува во сопственост без надомест, недвижна ствар–зграда бр.1, намена на зграда и друг објект В1-1, која се наоѓа на КП бр.2650, КО Сливово, запишана во Имотен лист бр.252, сопственост на Република Македонија и тоа:

- влез 1, кат ПО, број на посебен дел од зграда 1 , намена на посебен дел од зграда П, со површина од 68 м2;
- влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зграда ДП, со површина од 729 м2;
- влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зграда ПП, со површина од 14 м2;
- влез 2, кат ПР, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зграда ХС, со површина од 24 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

